Одржливост
Иновација
Успех
# Претприемништво
Авантура
Мрежа
Развој
Работа

**Партнерството** во проектот Одржливост на граѓански здруженија преку вмрежување за социјално претприемништво траеше 18 месеци.



Главна **цел** беше предлагање на концепциска рамка за обезбедување на финансиска одржливост на здруженија на граѓани преку нивно вклучување во коопеартивни зафати со јавниот и приватниот сектор во туристичка дејност.

Партнерски организаци се:

- ОРТ
- Регионален центар за животна средина
- Вила Зора
- Еко Живот
- Здружение на агропрпизводители Благоја А. Котларовски

Креиравме **успешна приказна** на креативни пионерски невладини организации кои успеале да станат **конкурентни** во понудување на динамични туристички продукти.





 

Спроведовме 3 обуки за нашите члениви и за даватели на услуги од секој регион:

- Методологија за планирање и развој на туристички производи;
- Развој на туристички продукт.
- Управување со дестинации
- Стратегија за е-маркетинг, основите на е-маркетинг и маркетинг миксот во туристичкиот сектор.

Направивме проценка на културно-природните вредности, природните убавини, атракции и туристички услуги во 4 региони, за да го идентификуваме потенцијалот за развој на туристички производ.



Работевме во регионите околу Скопје, Велес, Кавадраци и Ресен. Спроведовме **анкета** на давателите на услуги, жителите и туристите.

Спроведовме две работилници за модели на социјална кооператива.





Од нив произлегоа Студија за алтернативен, институционален, правен и финансиски модел за здружен настап на чинителите во туризмот, како и Студија за институционална, правна и финансиска можност за стопанска дејност на здружение на граѓани во полето на туризмот.

Спроведовме **дебата** за модели на социјално **претприемништво** и социјална **кооперативност** со учество на угостители, здруженија, тур-оператори, туристички асоцијации и туристички агенти и владини тела.





Рекламиравме и промовиравме **можности** за ангажирање на непрофитни организации во понуда на услуги во областа на туризмот со создавање на партнерства за социјален и економски **придонес** во заедницата.





Од партнерските организации 5 претставници се стекнаа со **лиценца** за професионален туристички водич.

Информиравме преку 2 електронски **билтени** и информативен леток.

Во текот на истражувањето сите **4 партнерски** организации **посетија**:

- 15 Места за кампување
- 98 сместувачки капацитети
- 186 различни даватели на услуги
- 42 даватели на транспортни услуги
- 11 туристички водичи
- 209 културно - историски атракции
- 51 спортско - рекреативни атракции
- 32 природни атракции за посета
- 47 еднодневни посети на локации

Сите организации направија **пилот проверка** на **4** развиени туристички производи преку **групна посета** во секој регион каде што дејствуваат. Целта беше туристите да ги оценат туристичките продукти, давајќи **препораки** за иднина.

Остваривме комуникација со странски мрежи, кои промовираат развој на туризмот и зачувување на вредностите на уникатното културно и природно наследство.

Пуштена е во употреба електронска продавница, со цел да се воспостави полесна и побрза врска помеѓу побарувачката и понудата во туризмот.

EKOTURIST.MK
НЕШТО СОСЕМА РАЗЛИЧНО





Овозможивме реклама на туристичките продукти и туристички и угостителски дејности во 4те региони преку:

- електронска продавница www.ekoturist.mk
- 3 домашни весници
- 2 странски веб портали
- 3 домашни веб портали
- 3 локални / национални радио канали
- 2 веб банери на институции
- 4 социјални мрежи

# Создадовме авантури

## Недопрена природа во заштитено подрачје Јасен - четири дена





## Грнчар за пет дена.Научи македонско оро за шест дена.

## Авантура во земјата на Богомилите - три дена

## 6000 год музички занаетчиски живот во Велес - еден ден

## Допри ја природата - три дена

## Тиквешка винска тура - три дена

## Преспанска разгледница - три дена

## Убавините на Преспа - три дена



Проектот е финансиран од Европска Унија

CIP каталогизација на публикација
Каталог, ОРТ, КОРТ, РЕЦ, 2017, 8 страници
Тираж 100примероци
ISBN-13 978-9989-2015-4-7

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на РЕЦ и ОРТ и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.

REGIONAL ENVIRONMENTAL CENTER
Macedonia

ОРТ
Обука за одржлив развој